Архивски знак:______

Рок на чување:__________ год

__________ 20 година

Потпис

__________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.УП.013.01

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЕДНОСТАВЕНА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Јули 2015

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 01 07 2015 | Прво издание | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15 и 61/15), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЕДНОСТАВЕНА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредуваат обврските и постапките кои ги преземаат царинските службеници од појдовната и одредишната испостава, како и Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, кога стоката која се превезува со железница се става во транзитна постапка или кога ја завршува транзитната постапка, како и кога стоката која е веќе ставена во постапка на заедничка транзитна постапка влегува на територијата или ја напушта територијата на Република Македонија преку транзитната испостава.

2. Транзитната постапка за превоз на стока со железница може да се спроведе со користење на поедноставени формалности согласно условите дадени во членовите 67 до 97 од Прилог I на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (во понатамошниот текст: КЗТ) и членовите 277 до 289 и 302 до 304 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (во понатамошниот текст: УСЦЗ).

3. Ова упатство треба да се користи заедно со документот на TAXUD 1405/2005 – Употреба на товарниот лист CIM како транзитна декларација во поедноставена железничка транзитна постапка и документот на TAXUD 1417/2005 – Контроли во сметководствените канцеларии на железничките превозници спроведени од надлежни органи.

4. Со цел потврдување на договорот за транспорт, товарниот лист CIM е задолжителен за сите операции на превоз на стока со железница. Во исклучителни случаи, наместо товарниот лист CIM за отпрема на издвоени вагони од комплетна композиција (поради поправка, претовар или слично), се користи документот Пропратница. Образецот на Пропратницата одговара на образецот на товарниот лист CIM, со таа што во рубриката 30 е наведена ознаката „Пропратница". Наместо образец „Пропратница" може да се користи копија од товарниот лист CIM, на која податоците во рубрика 30 и рубрика 59 мора да се прецртаат. Копијата од товарниот лист CIM треба да носи ознака

„Копија“, да биде заверена со печат од железничкиот превозник и да ги има истите ознаки како и оригиналниот товарен лист CIM.

Товарниот лист CIM за комбиниран транспорт и комбинираниот товарен лист CIM/SMGS се сметаат за товарен лист CIM, и оттука, секое повикување на товарниот лист CIM се однесува и на овие документи.

5. Употребата на товарниот лист CIM не претставува доказ за тоа дека железничкиот превозник е овластен за користење на поедноставена постапка. За да може товарниот лист CIM да се користи како транзитна декларација потребно е посебно одобрение.

6. Во заедничката транзитна постапка поедноставувањето може да се користи само таму каде стоката се превезува од неколку железнички превозници регистрирани во договорните страни на КЗТ кои соработуваат во транспортниот синџир, каде секое од нив делува на национално ниво и доколку сите инволвирани превозници ги исполнуваат условите за поедноставена постапка.

На национално ниво поедноставената постапка се спроведува согласно одредбите на УСЦЗ и може да се спроведува со учество на само еден железнички превозник на кој му е издадено одобрение за поедноставена постапка. Ако во транспортниот синџир на национално ниво се вклучени повеќе железнички превозници секој од нив треба да ги исполнува условите за поедноставена постапка.

## II. Основни поими и дефиниции

7. Поимите и дефинициите кои се користат во ова упатство го имаат следното значење:

- Договорна страна на КЗТ е земја во која се применува КЗТ. КЗТ се применува на територијата на земјите на Европската Заедница и на територијата на земјите на ЕФТА. Од аспект на примена на КЗТ, земјите кои пристапиле кон КЗТ (на пр. Република Македонија и Република Турција) имаат третман на земји на ЕФТА;
- CIM е товарен лист во железничкиот транспорт и е добиен како скратен акроним од францускиот израз Règles uniformes concernant le contrat de transport international ferroviaire des marchandises (Спогодба за меѓународен превоз на стоки со железница). Употребата на товарниот лист CIM и применливите постапки се опишани во CIT прирачниците: Упатство за

употреба на товарниот лист CIM и други меѓународни товарни документи и Упатство за употреба на товарниот лист CIM/SMGS[1];

- Предавен лист TR се користи во рамките на поедноставената транзитна постапка на стоки кои се превезуваат во големи контејнери од страна на железничките компании кои ги користат транспортните претпријатија како посредници. Предавниот лист TR е документ кој го содржи договорот за превоз со кој транспортната компанија организира еден или повеќе големи контејнери со кои се врши меѓународен превоз на стока од испраќачот до примачот. Самиот транспорт се врши од страна на железничките компании врз основа на товарниот лист CIM и, каде што е соодветно, товарниот лист CIM/SMGS[2];

- COTIF (Convention relative aux transports internationaux ferroviaires) е Конвенција за меѓународен железнички сообраќај од 9 мај 1980 година. Додатокот В кон Конвенцијата со кој се определуваат заедничките правила за употреба на товарниот лист CIM е усвоен на 9 јуни 1999 година, а се применува од 1 јули 2006 година;

- Главен обврзник

- Овластен железнички превозник кој ја прифаќа стоката за превоз со товарен лист CIM;
- Железничкиот превозник од земјата низ чија територија стоката влегува на територијата на договорна страна се смета за главен обврзник за операции кои вклучуваат стока прифатена за превоз од страна на железница од трета земја. На пр. доколку стоката влегува во Република Македонија од Република Косово како трета земја, независно дали стоката е наменета за Република Македонија или Република Грција, главен обврзник е железничкиот превозник од Република Македонија;

- Превозник значи договорен превозник кој има склучено договор за превоз со испраќачот согласно CIM, или следен/последователен превозник кој на испраќачот му полага одговорност врз основа на овој договор за превоз;

---

[1] Прирачниците се достапни на следниот линк на Меѓународното здружение на железнички превозници (Comité international des transports ferroviaires): http://www.cit-rail.org/en/freight-traffic/manuals/

[2] Во моментот не се исполнети потребните услови за предавниот лист TR да се користи како транзитна декларација. Превозот на големите контејнери се врши под покритие на товарниот лист CIM како транзитна декларација доколку се исполнети условите за тоа.

- Заменски превозник значи железнички превозник кој нема склучено договор за превоз со испраќачот, но на кој превозникот или последователниот превозник му го има доверено, целосно или делумно, изведувањето на превозот по железница;
- Последователен превозник е железнички превозник кој е одговорен пред испраќачот согласно договорот за превоз;
- Средишен (посреднички) превозник е железнички превозник кој не ги исполнува сите услови за поедноставена постапка, но може да добие одобрение од царинскиот орган и е во договорен однос со железничкиот превозник кој е главен обврзник и носител на одобрението за поедноставена постапка. Посредничкиот превозник не може да биде последен во низата на железнички превозници.

## III. Исклучителни ситуации во однос на статусот на главниот обврзник

8. Доколку договорниот превозник е регистриран во трета земја нему не му е дозволено користење на поедноставената транзитна постапка бидејќи важи општото правило дека корисникот на поедноставувањето мора да биде регистриран во една од договорните страни на КЗТ во согласност со член 45 став 1 точка а) од Додаток I кон КЗТ.

9. Во случаите кога транспортот со товарен лист CIM започнува во трета земја, првиот железнички превозник кој ја презема стоката при нејзиниот влез на територијата на договорна страна може да делува како главен обврзник. На пр. при влез на стока од Република Косово како трета земја, во Република Македонија, со цел да се одобри автоматско пуштање во транзит врз основа на член 77 став 1 од Додаток I кон КЗТ и член 287 од УСЦЗ, договорниот превозник мора да поднесе барање за поедноставена транзитна постапка како претставник на железничкиот превозник во Република Македонија. Барањето се поднесува со пополнување на рубриката 58а) од товарниот лист CIM каде договорниот превозник треба да ги внесе неговите податоци, а во рубриката 58б) треба да се означи првата подрубрика и во втората подрубрика треба да ја внесе четирицифрената шифра на железничкиот превозник во Република Македонија кое е главен обврзник. Во овие исклучителни случаи договорниот превозник и главниот обврзник не се ист субјект.

## IV. Карактеристики на договорните превозници

10. Во случаите кога договорниот превозник е железнички превозник, тој може да делува како главен обврзник во поедноставената постапка доколку ги исполнува условите за тоа.

    Кога договорниот превозник не ги исполнува условите за поедноставена постапка, тој не може да делува како главен обврзник во поедноставена постапка. Единствено на главниот обврзник може да му се додели можност за користење на поедноставување. Сепак, договорниот превозник може да поднесе барање за употреба на поедноставена постапка во својство на застапник на друг превозник кој ги исполнува условите и кој може да делува како главен обврзник.

11. Договорниот превозник не мора да биде вклучен во превозот на стока и покрај тоа што тој може да постапува како главен обврзник во поедноставената постапка. Согласно член 70 став 1 од Додаток I кон КЗТ и член 280 од УСЦЗ, доколку договорниот превозник не е железнички превозник, тој не може да постапува како главен обврзник во поедноставена постапка.

12. Во рубриката 58а) од товарниот лист CIM се запишува „договорниот превозник“, додека следните и заменските превозници се запишуваат во рубрика 57 како „други превозници“.

    Имајќи ја предвид неговата улога во организирањето на превозот на стоката, а со тоа и неговите договори со, и познавања на другите превозници, општо земено, обврската за поднесување барање за користење на поедноставена постапка, како и за пополнување на рубриката 58б) од товарниот лист CIM е на товар на договорниот превозник. Гледано во општи рамки, договорниот превозник и главниот обврзник се исто лице.

    Со поднесувањето барање за поедноставена транзитна постапка договорниот превозник одговорно изјавува дека следните или заменските превозници кои се вклучени во транспортниот синџир исто така ги исполнуваат условите од поедноставената транзитна постапка согласно член 24 од Додаток I од КЗТ и член 109 став 1 од УСЦЗ. Во спротивно, тој ќе се смета за одговорен за настанатиот царински долг согласно членовите 114 став 1 точка б) и 115 став 2 од Додаток I од КЗТ, како и член 219 став 1 точка б) и член 219 став 3 од Царинскиот закон. Со пуштањето на стоката во транзит договорниот превозник постапува како главен обврзник.

## V. Услови за употреба на поедноставена заедничка транзитна постапка

13. Поедноставената заедничка транзитна постапка зависи од исполнувањето на следниве кумулативни услови:

- Употреба на товарниот лист CIM и пополнување на рубриката 58б) од истиот;
- Соработка помеѓу различните железнички превозници согласно COTIF што значи дека стоката последователно се презема и превезува од различни железнички превозници;
- Поделба на транспортните трошоци за секоја од земјите низ чија територија поминува транспортната операција и плаќањето на соодветниот дел од трошоците настанати за секој железнички превозник вклучен во соработката;
- Употреба на заеднички утврден систем за истражување на неправилности од страна на централните сметководствени канцеларии на железничките превозници;
- Овозможен пристап за царинските органи до централните сметководствени канцеларии на секој вклучен превозник;
- Можност, во согласност со изјава за преземање на одговорност, за царинската администрација од дадена земја директно да постапува со железничкиот превозник од таа земја во однос на кои било неправилности откриени при спроведувањето на поедноставената постапка, како и кои било должнички побарувања;
- Изјава за преземање на одговорност да не се менува формата на товарниот лист CIM/предавниот лист TP без претходна согласност од царинските органи на појдовната земја и Европската Комисија;
- Изјава за преземање на одговорност да не се превезува стока под либерализирани услови без однапред да се информираат царинските органи на појдовната земја и Европската Комисија;
- За примената на поедноставената постапка за големи контејнери со предавен лист TP потребно е формирање на транспортно друштво од страна на железничките превозници во вид на корпоративно тело чии членови се истите.

14. Железничките превозници на кои им е дозволена употреба на поедноставена транзитна постапка во рамките на КЗТ се наведени во Прилог 3 од документот на TAXUD 1405/2005 – Употреба на товарниот лист CIM како транзитна декларација во поедноставена железничка транзитна постапка. Овој прилог во електронска форма се објавува на веб страната на Царинската управа и редовно се ажурира.

15. Надлежниот царински службеник од појдовната испостава, врз основа на овие информации, одлучува дали може да се користи поедноставена постапка. Доколку се одобри поедноставена постапка, товарниот лист CIM служи и како транспортен документ и како транзитна декларација и главниот обврзник се иззема од обврската за поднесување на гаранција за долг кој што би можел да настане во транзитната постапка. Надлежниот царински службеник од појдовната испостава може да изврши непосреден надзор со увид во евиденцијата на железничкиот превозник, при што треба да провери дали сите пратки за кои транзитната постапка започнала во внатрешноста на Република Македонија или на територијата на Република Македонија влегуваат од странско подрачје се внесени во неговата евиденција за започнати транзитни операции. Кај граничните појдовни испостави основа за таква проверка треба да бидат документите за примопредавање со железничкиот превозник од соседната земја.

Надлежниот царински службеник од одредишната испостава, исто така, може да изврши непосреден надзор со увид во евиденцијата на железничкиот превозник, при што треба да провери дали сите пратки за кои транзитната постапка завршува во внатрешноста на Република Македонија или на гранична царинска испостава се внесени во неговата евиденција за завршување на транзитните операции. Кај граничните одредишни испостави основа за таква проверка треба да бидат документите за примопредавање со железничкиот превозник од соседната земја.

Одделението за гранични и транзитни формалности, Служба за испитна постапка и наплата на долг во транзит е надлежна за следење на сметководствената евиденција на железничкиот превозник и треба да провери дали употребата на поедноставената постапка е спроведена согласно наведените услови.

## VI. Основни причини за отфрлање на барањето за спроведување на поедноставена постапка

16. Во зедничката транзитна постапка поедноставувањето не може да се користи доколку:

- во превозот е вклучен само еден превозник, или
- превозникот ја превезува стоката надвор од националната територија со исклучок на превоз од и кон станицата во соседната територија како што е договорено помеѓу превозниците, или
- превозникот не ги исполнува условите од поедноставената постапка, освен ако е одобрен како средишен превозник согласно одобрението дадено од односната царинска администрација.

Во сите овие случаи се применува редовна транзитна постапка и товарниот лист CIM служи само како транспортен документ. Во рубриката 99 од товарниот лист CIM при спроведување на редовна транзитна постапка задолжително се запишува Редниот број на движењето (РБД), наведен на соодветниот Транзитен придружен документ (ТПД).

Во националната транзитна постапка единствен услов е железничкиот превозник да има одобрение за поедноставена постапка.

## VII. Практични примери

17. Стока без статус на стока на Заедницата (T1) треба да се превезе од Грција/GR до Србија/XS (CS):

- Договорен превозник: CH/OSE (Железница на Република Грција);
- Други превозници: Македонски железници, ŽS (Железница на Република Србија);
- Деталите за CH/OSE се прикажани во рубрика 58а). Другите превозници се прикажани во рубрика 57. Договорниот превозник и другите превозници од договорните страни имаат одобренија за поедноставена постапка во нивните земји (во случајов Македонски железници). CH/OSE може да поднесе барање за поедноставена транзитна постапка со пополнување на рубриката 58б), т.е. со обележување на рубриката „да" и внесување на шифрата 0073[3].

[3] До зачленувањето на Република Србија во КЗТ, поедноставената постапка завршува во моментот кога стоката ја напушта територијата на Република Македонија. На одредишната испостава во Република Македонија (ЦИ Табановце Железница) не се спроведуваат никакви формалности.

18. Стока без статус на стока на Заедницата (Т1) треба да се превезе од Холандија/NL до Грција/GR:

- Договорен превозник: DB Schenker Rail Nederland;
- Други превозници: Rail Express Germany, Rail Cargo Austria; SŽ-Tovorni promet (Железница на Република Словенија), HŽ Cargo d.o.o. (Железница на Република Хрватска), ŽS, Македонски железници, CH/OSE;
- Поедноставена постапка не е применлива затоа што Rail Express нема одобрение за користење на поедноставување. Се применува редовна транзитна постапка. Товарниот лист CIM служи само како транспортен документ. Поедноставената постапка сепак би можела да се примени доколку Rail Express биде овластен како средишен (посреднички) превозник.

19. Стока без статус на стока на Заедницата (Т1) треба да се превезе од Косово/XK до Грција/GR:

- Договорен превозник: Kosovo Railways J.S.C.;
- Други превозници: Македонски железници, CH/OSE;
- Главен обврзник е Македонски железници бидејќи договорниот превозник е од трета земја. Деталите за Kosovo Railways J.S.C. како договорен превозник се прикажани во рубрика 58а). Другите превозници се прикажани во рубрика 57. Македонски железници и CH/OSE имаат одобренија за поедноставена постапка во нивните земји. Kosovo Railways J.S.C. во име на Македонски железници може да поднесе барање за поедноставена постапка со пополнување на рубриката 58б), т.е. со обележување на рубриката „да" и внесување на шифрата 1065 на Македонски железници. Согласно одредбите на член 77 став 1 од Додаток I кон КЗТ, поедноставената заедничка транзитна постапка започнува со влезот на пратката во подрачјето на Република Македонија.

20. Стока без статус на стока на Заедницата (Т1) треба да се превезе од Македонија/МК до Словенија/SI:

- Договорен превозник: Македонски железници;
- Други превозници: ŽS, HŽ Cargo (Железница на Република Хрватска), SŽ - Tovorni promet DOO (Железница на Република Словенија);
- Деталите за Македонски железници се прикажани во рубрика 58а). Другите превозници се прикажани во рубрика 57. Договорниот превозник и другите превозници имаат одобренија за поедноставена постапка во нивните земји. Македонски железници може да поднесе барање за поедноставена транзитна постапка со пополнување на рубриката 58б), т.е. со обележување на рубриката „да“ и внесување на шифрата 1065[4].

21. Стока без статус на стока на Заедницата (Т1) треба да се превезе од Грција/GR до Србија/XS (CS):

- Договорен превозник: CH/OSE (Железница на Република Грција);
- Други превозници: CH/OSE (Железница на Република Грција);
- Поедноставена постапка не е применлива затоа што само еден железнички превозник учествува во превозот. Мора да се применува редовна транзитна постапка со употреба на НКТС. Товарниот лист CIM служи само како транспортен документ.

Напомена: Наведените примери се подеднакво релевантни и за превоз на стока со статус на стока на Заедницата (Т2) и за превоз на стока со комбинација на Т1 и Т2 постапка. Рубриките 58а) и 58б) идентично се пополнуваат, како во наведените примери.

Наведените примери исто така се важечки и во случај на ре-експедиција. Секоја царинска администрација мора повторно да ја провери исполнетоста на условите за поедноставена постапка на железничкиот превозник.

Превозот од/кон Србија, Косово и Албанија, сè додека не се членки на КЗТ, ќе се одвива согласно одредбите на УСЦЗ односно ќе се користи поедноставена национална транзитна постапка врз основа на товарниот лист CIM кој има важност на транзитна декларација.

[4] До зачленувањето на Република Србија во КЗТ, поедноставената постапка привремено се прекинува во моментот кога стоката влегува на територијата на Република Србија, сè до моментот кога стоката влегува на територијата на Република Хрватска.

## VIII. Постапка во појдовната испостава

22. Листовите 1, 2, 3 и 5 од товарниот лист CIM се поднесуваат во појдовната испостава. Појдовна испостава е царинска испостава во внатрешноста на Република Македонија кога транзитната постапка започнува во Република Македонија или гранична испостава во случај кога превозот е започнат во земја која не е членка на КЗТ. Надлежниот царински службеник во појдовната испостава е должен да провери дали се исполнети сите услови за користење на поедноставување наведени во точките 13 и 16 од ова упатство и дали товарниот лист CIM е заверен од страна на железничкиот превозник (датум и место на преземање на стоката во рубрика 16 од товарниот лист, налепница од Прилог Б11 од Додаток III кон КЗТ и Прилог 42 на УСЦЗ и број на товарен лист во рубика 62 од товарниот лист).

23. Доколку појдовната испостава е гранична испостава, надлежниот царински службеник е должен да провери дали се издадени потребните согласности од страна на надлежните инспекциски служби за влез на стоката во царинското подрачје на Република Македонија. Доколку не се исполнети условите за користење на поедноставување, надлежниот царински службеник во појдовната испостава ќе побара спроведување на редовна постапка со поднесување на транзитна декларација преку НКТС, а доколку не се обезбедени потребните согласности од страна на надлежните инспекциски служби ќе забрани влез на стоката во царинското подрачје.

24. Сите листови од товарниот лист CIM му се враќаат на службеникот од железничкиот превозник и надлежниот царински службеник не задржува примерок или копија од товарниот лист CIM. Кога се користи поедноставена постапка, железничкиот превозник е должен во својата евиденција да ги внесе сите потребни податоци поврзани со започнување на транзитната постапка пред предметната пратка да ја напушти појдовната железничка станица. Во пограничните железнички станици основа за ваквата евиденција се податоците за примо-предавање на железничката композиција со железничкиот превозник од соседната земја. По внесувањето на податоците во евиденцијата истите мора да бидат достапни на надлежната појдовна испостава за евентуална проверка од нејзина страна.

25. Ако се транспортира стока со поголем ризик од измама од Прилог I на Додаток I на КЗТ односно Прилог 28 од УСЦЗ (во понатамошниот текст: стока со ризик од измама) службеникот од железничкиот превозник е должен да поднесе 3 (три) копии од листот бр.1 од товарниот лист CIM. Надлежниот царински службеник во појдовната испостава задржува една заверена копија од листот бр.1 од товарниот лист CIM, а две заверени копии му враќа на подносителот.

26. Во појдовната испостава не се евидентира започнувањето на транзитната постапка и не се спроведуваат никакви други формалности. Во случај на постоење на основано сомнение за злоупотреба на постапката, надлежните цармински службеници во појдовната испостава можат да извршат преглед на стоката која се става во постапка.

27. Надлежниот царински службеник во појдовната испостава е должен во рубриката 99 од товарниот лист CIM да ја запише ознаката за видот на транзитната постапка која се применува – Т1 или Т2. Кога транспортната операција започнува во Република Македонија како договорна страна на КЗТ се смета дека стоката се движи во постапката Т1. Доколку во товарниот лист CIM не е внесена ознака за видот на постапката, ќе се смета дека стоката е ставена во Т1 постапка. Доколку стоката се движи во постапката Т2 во согласност со одредбите од член 2 став 3 точка б) од КЗТ, во рубриката 99 од товарниот лист CIM видливо се става знакот „Т2“ или „T2F“, во зависност од случајот, заедно со печат на појдовната испостава, потпис и факсимил на надлежниот царински службеник. Во Република Македонија Т2 постапката може да се примени само за стока која пристигнала со Т2 постапка и доколку се исполнети посебните услови кои се предвидени во член 9 од КЗТ.

28. Доколку на транзитната постапка и претходела некоја друга царинска постапка (на пример извозна постапка), надлежниот царински службеник во појдовната испостава податоците за претходната царинска постапка ги внесува во рубриката 99 од листот број 5 од товарниот лист CIM, ги заверува со печат и го враќа на превозникот.

29. Општо правило е на превозните средства и колетите да не се ставаат царински пломби. Железничкиот превозник може, ако смета за потребно, да стави свои пломби.

## IX. Постапка во одредишната испостава

30. Одредишна испостава може да биде било која гранична или внатрешна царинска испостава која е надлежна за граничната железничката станица преку која стоката го напушта царинското подрачје на Република Македонија или за железничката станица која во товарниот лист CIM е наведена како место на испорака на стоката.

31. Во случај на одредишна испостава надлежна за граничната железничка станица преку која стоката го напушта царинското подрачје на Република Македонија, во одредишната испостава не се евидентира завршувањето на транзитната постапка и не се спроведуваат никакви други формалности.

32. Кога стоката во поедноставена постапка ќе пристигне во граничната железничка станица, железничкиот превозник е должен во својата евиденција да ги внесе сите потребни податоци за пратката која го напушта царинското подрачје, пред пратката да ја напушти одредишната железничка станица. Основа за ваквата евиденција се податоците за примо-предавање на железничката композиција со железничкиот превозник од соседната земја. По внесувањето на податоците во евиденцијата истите мора да бидат достапни на надлежната одредишна испостава за евентуална проверка од нејзина страна.

33. Во случај на одредишна испостава надлежна за внатрешната железничка станица на која завршува транзитната постапка, за завршување на транзитната постапка и извршување на потребните формалности, железничкиот превозник е должен пратката да ја постави на царински колосек или на некое друго место кое во договор со железницата го определила царинарницата надлежна за одредишната царинска испостава.

34. Железничкиот превозник е должен на одредишната испостава да и ги предаде листовите 2 и 3 од товарниот лист CIM. Доколку во пратката е вклучена стока со поголем од измама железничкиот превозник е должен да ги предаде и двете заверени копии од листот број 1 од товарниот лист CIM. Надлежниот царински службеник во одредишната испостава задржува една копија од листот број 1, а една копија од листот број 1 заверува и ја враќа на појдовната испостава. Во случај на постоење на основано сомнение за злоупотреба на постапката, надлежните царински службеници во појдовната испостава можат да извршат преглед на стоката.

35. Одредишната испостава го евидентира доставениот CIM во контролникот за завршување на транзитни постапки (К-2 кој се води во Бордер), во рубриката 99 од листот број 2 го внесува бројот од контролникот К-2, ги заверува листовите 2 и 3 со службен печат и потпис на надлежниот царински службеник. Листот број 2 се враќа на железничкиот превозник, а листот број 3 се задржува во евиденцијата на одредишната испостава.

## X. Превоз на стока до трети земји

36. Одредбите од точките 22-29 на ова упатство се применуваат за сите транспортни операции кои започнуваат на територијата на Република Македонија, а треба да завршат надвор од неа.

37. Царинската испостава одговорна за пограничната железничка станица низ која стоката во транзит ја напушта територијата на Република Македонија

постапува како одредишна испостава. Во одредишната испостава не се води евиденција за завршување на транзитната постапка и не се извршуваат никакви формалности. Одредишната испостава не е должна да го завери документот ТС 10 – Известување за транзит, затоа што како доказ за поминување на границата служи товарниот лист CIM и евиденцијата на железничкиот превозник.

Кога се користи поедноставена постапка, железничкиот превозник е должен во својата евиденција да ги внесе сите податоци наведени во точката 32 од ова упатство. По внесувањето на податоците во евиденицата истите мора да бидат достапни на надлежната одредишна испостава за евентуална проверка од нејзина страна.

## XI. Превоз од трети земји

38. Кога транспортната операција започнува надвор од територијата на договорните страни на КЗТ и треба да заврши во неа, како појдовна испостава постапува царинската испостава која се наоѓа на пограничната железничка станица преку која стоката влегува на територијата на договорните страни (на пример, ЦИ Табановце Железничка станица за пратка од Србија за Грција, преку Република Македонија). Во појдовната испостава не се извршуваат никакви формалности, доколку рубриките 58а) и 58б) се уредно пополнети од страна на договорниот превозник. Во тој случај во појдовната испостава соодветно се применува постапката наведена во точките 22 до 29 од ова упатство.

39. Царинската испостава каде што се наоѓа одредишната железничка станица постапува како одредишна испостава. Меѓутоа, доколку стоката е пуштена во слободен промет или ставена во друга царинска постапка на меѓустаница, како одредишна испостава ќе постапува царинската испостава каде што се наоѓа оваа станица.

40. Доколку транзитната операција завршува во Република Македонија во одредишната испостава соодветно се применува постапката наведена во точките 33 до 35 од ова упатство.

## XII. Превоз преку територијата на договорните страни на КЗТ

41. Кога транспортната операција започнува и треба да заврши надвор од територијата на договорните страни на КЗТ, појдовна испостава е царинската испостава која се наоѓа на пограничната железничка станица преку која стоката влегува на територијата на договорните страни на КЗТ, додека

одредишна испостава е царинската испостава која е одговорна за пограничната железничка станица низ која стоката во транзит ја напушта територијата на договорните страни на КЗТ.

42. Во појдовната испостава не се извршуваат никакви формалности, доколку рубриките 58а и 58б се уредно пополнети од страна на договорниот превозник. Во тој случај во појдовната испостава соодветно се применува постапката наведена во точките 22 до 29 од ова упатство.

43. Во одредишната испостава не се извршуваат никакви формалности. Во одредишната испостава соодветно се применува постапката наведена во точките 31 и 32 од ова упатство.

XIII. Поправка на вагони

44. Во случај на помал дефект на вагонот, кога поправката на истиот може да се изврши без да се влијае на товарниот простор, железничкиот превозник може да ја изврши поправката на вагонот и без претходно да го извести царинскиот орган.

Доколку поправката не може да се изврши без да се влијае на товарниот простор се постапува согласно постапката пропишана за претовар на стока.

XIV. Информации за тарифни ознаки

45. Товарниот лист CIM не содржи посебна рубрика во која би можела да се внесе XC тарифна ознака во случаите кога тоа се бара во заедничката транзитна постапка. Шестоцифрената NHM шифра на железниците може да се внесе во рубриката 24 од товарниот лист CIM. Оваа шифра во одредени случаи не одговора на тарифната ознака од Хармонизираниот систем на имиња и шифрирани ознаки на стоките.

Прирачникот CIT за употребата на товарниот лист CIM дава насоки дека тарифната ознака од XC треба да се внесе во рубриката 21 од товарниот лист CIM кога тоа се бара согласно царинските прописи.

XV. Претовар

46. Во оправдани случаи дозволено е стоката од товарниот лист CIM која се наоѓа под царински надзор да се претовари на друг вагон без да се отвора нов товарен лист CIM, под надзор на царинскиот орган. Во таков случај железничкиот превозник го известува најблискиот царински орган, кој сепак,

може да одобри претоварот да се изврши без надзор од негова страна. Доколку надлежниот царински орган одобри железничкиот превозник да изврши претовар без царински надзор, тогаш забелешката „Transshipment allowed“ (Одобрен претовар) ја внесува железничкиот службеник. Доколку надлежниот царински службеник во рок од најмногу 30 (триесет) минути од известувањето од железничкиот превозник не достави никаков одговор, се смета дека е одобрен претовар без царински надзор. Во секој случај, по завршувањето на претоварот, надлежниот царински службеник го прецртува бројот на претходниот вагон, го запишува новиот број во рубриката 21 од товарниот лист CIM и во рубрика 99 од товарниот лист CIM ја внесува забелешката "Transshipment" (Извршен претовар) и става печат и потпис.

47. Во случај на непредвидливи околности или виша сила, железничкиот превозник може стоката да ја претовари без директен надзор на царински орган. Железничкиот превозник ќе ја внесе соодветната забелешка "Transshipment" (Извршен претовар) во товарниот лист CIM и ќе го информира царинскиот орган на првиот работен ден по денот на претоварот за официјално потврдување на претоварот.

## XVI. Товарен и помошен железнички прибор, празни вагони и контејнери

48. Железничкиот превозник за потребите на царинскиот надзор ги доставува само податоците кои се однесуваат на стоката, ако товарниот и помошниот прибор според тежината се наведени во товарниот лист CIM одвоено од останатата стока.

49. Железничкиот превозник, усно или на било кој друг начин, ги пријавува празните вагони и празните контејнери натоварени на вагони. За нив не се применуваат никакви формалности ако веќе се ставени во употреба како превозни односно преносни средства.

Доколку празните вагони и празните контејнери претходно биле пуштени во слободен промет неопходно е да се обележи подрубриката „товарен лист CUV“ во рубриката 30 на товарниот лист CIM. Доколку празните вагони и празните контејнери не се претходно пуштени во слободен промет тогаш се ставаат во транзитна постапка и се наведуваат во товарниот лист CIM. Во тој случај не треба да се обележи подрубриката „товарен лист CUV“ во рубриката 30 на товарниот лист CIM. Доколку празниот вагон не е претходно пуштен во слободен промет бројот на вагонот се запишува во рубрика 18 – Број на вагон и во рубрика 21 – Опис на стоката.

Оттука, употребата на оваа рубрика е клучна дали празните вагони и празните контејнери ќе бидат ставени во транзитната постапка или не, што зависи од нивниот статус - дали се сметаат за превозни односно преносни средства или царинска стока.

50. Резервните делови кои железничкиот превозник ги внесува заради поправки на странските вагони чиј дефект настанал на територијата на Република Македонија, ќе бидат усно или на било кој друг начин пријавени на појдовната испостава односно царинската испостава на влез. За нив не се спроведуваат никакви формалности.

## XVII. Измена на договорот за превоз

51. Од различни причини, испраќачот и примачот на стоката може да одлучат да го променат важечкиот договор за превоз. Измена на договорот за превоз може да се направи во било која попатна станица за време на извршувањето на превозот односно само доколку стоката сѐ уште не е пристигната во одредишната испостава.

52. Железничкиот превозник мора да добие одобрение од страна на појдовната испостава пред да пристапи кон измена на договорот за превоз доколку:

- транспортната операција која требало да биде завршена надвор од територијата на Република Македонија завршува во неа или
- транспортната операција која требало да заврши во територијата на Република Македонија завршува надвор од неа.

53. Барањето за измена на договорот се поднесува на образецот CIT 7 од CIT прирачникот (Прилог 1 на ова упатство). На барање на Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, железничкиот превозник е должен да ги стави на увид сите одобрени барања за измена на договорите за превоз.

54. Железничкиот превозник е должен до Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности да достави Извештај за измени на договорите за превоз (Прилог 4 кон ова упатство), на месечна основа, за сите пратки:

- кои биле извозно оцаринети во Република Македонија, а не го напуштиле царинското подрачје;
- за кои транзитната постапка започнала во Република Македонија, а истите не го напуштиле царинското подрачје и

- за кои транзитната постапка започнала и требало да заврши надвор од Република Македонија, а завршила во Република Македонија.

Извештаите се доставуваат во хартиена форма или по електронски пат (excel табела). За секоја пратка во извештајот е потребно да се наведе: појдовна испостава, датум на испраќање, број на товарен лист CIM, број на вагон, назив на стока, вкупна бруто маса и одредишна испостава. Месечниот извештај се доставува најдоцна до 10 во тековниот месец за претходниот месец. Доколку немало такви пратки, истото се наведува во извештајот.

Во сите други случаи, железничките превозници можат самостојно да пристапат кон спроведување на изменетиот договор.

55. Во случај на измена на договорот за превоз не е потребно да се изготвува нов товарен лист CIM.

## XVIII. Ре-експедиција

56. Доколку испраќачот и примачот на стоката одлучат превозот да продолжи до нова одредишна испостава, наместо да заврши на првично декларираната, а стоката веќе стигнала на првичната одредишна испостава, превозот сепак може да продолжи кон новата одредишна испостава. Железничкиот превозник треба претходниот товарен лист CIM да го замени со нов и до Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, да поднесе Известување за ре-експедиција, дадено во Прилог 2 на ова упатство. Со ова известување се поврзуваат претходниот и новиот товарен лист CIM.

57. Железничкиот превозник го внесува соодветниот вид на транзитна постапка на листовите 1, 2, 3 и 5 од новиот CIM или предавен лист TP. Во рубрика 99 од претходниот CIM се внесува буквата R и бројот на новиот CIM, а во рубиката 99 од новиот товарен лист CIM се внесува буквата R и бројот на стариот CIM.
Првичната одредишна испостава, која сега ја презема улогата на појдовна испостава, мора да провери дали сѐ уште се исполнети условите за поедноставена постапка.

58. Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности води евиденција на сите примени известувања за ре-експедиција и по можност врши повремени контроли дали се соодветно извршени.

## XIX. Превоз на повеќе вагони со еден товарен лист CIM

59. При превоз на повеќе вагони со еден товарен лист CIM (збир на вагони или комплетен воз), кон товарниот лист CIM се приложуваат онолку примероци од пописот на вагони колку што листови има товарниот лист CIM, плус еден примерок. Пописот на вагони содржи основни податоци за пратката и податоци кои се однесуваат на вагоните и стоката.

## XX. Кусок и оштетување на стока

60. Во случај на губење, кусок или оштетување на стоката, железничкиот превозник доставува записник за увид. Образец на записникот е даден во Прирачникот CIT. Записниците се доставуваат до царинскиот орган кој е надлежен да одлучува по записникот.

## XXI. Комбиниран железнички-патен транспорт

61. Согласно членот 96 од Додаток I од КЗТ и член 303 од УСЦЗ, редовната постапка може да се применува за превоз на стока доколку истовремено се исполнети условите за поедноставената железничка транзитна постапка. Ова обично се применува на комбинираниот железнички-патен транспорт. Операторот кој се одлучува за употреба на редовната постапка ќе ги искористи предностите од поедноставувањата кои се однесуваат за делот на железничкиот транспорт, додека за делот со патен транспорт ја применува редовната постапка.

    Во тие случаи треба да се забележи дека товарниот лист CIM (рубрика 99) или предавниот лист TR мора да содржи повикување на транзитната декларација за предметната пратка.

    Сите превозници и заменски превозници прикажани во рубриките 57 и 58а) од товарниот лист CIM мора да имаат право на примена на поедноставена транзитна постапка со железница.

## XXII. Мерки за идентификација

62. Како општо правило, независно од мерките за идентификација применети од страна на железничките превозници, појдовната испостава нема да ги пломбира ниту превозните средства, ниту колетите.

63. Железничкиот превозник треба да обезбеди стоката која се превезува во транзитна постапка да биде означена со користење на налепници кои

одговараат на примерокот од Прилог Б11 од Додаток III кон КЗТ и Прилог 42 на УСЦЗ. Налепниците нема потреба да се ставаат ако стоката се движи од едно до друго место во Заедницата преку територијата на една или повеќе договорни страни на КЗТ. Наместо налепница може да се користи печат чиј отисок, во зелено мастило е пиктограмот даден во Прилог Б11 кон Додатокот III и Прилог 42 од УСЦЗ.

## XXIII. Контрола на евиденција

64. Овластените железнички превозници му ја ставаат на располагање својата сметководствена евиденција на Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, Служба за испитна постапка и наплата на долг во транзит.

Правилната примена на поедноставената постапка се надгледува врз основа на листовите 2 од товарниот лист CIM. Овие листови, кои треба да се заверени, се на располагање во сметководствената служба во одредишната земја. Контролата на правилната примена треба да се состои од повремени проверки на листовите 2 од товарниот лист CIM по принцип на селективност и анализа на ризик.

65. Овластените железнички превозници имаат обврска најдоцна до десеттиот ден во тековниот месец, до Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, да достават Извештај за превоз на стока со поголем ризик од измама (Прилог 3 кон ова упатство), за сите реализирани превози во претходниот месец кои се однесуваат за стоката од Прилог I на Додаток I кон КЗТ и Прилог 28 од УСЦЗ. Доколку немало такви пратки, истото се наведува во извештајот. Извештајот се доставува во хартиена форма или по електронски пат (excel табела). За секоја пратка во извештајот е потребно да се наведе: појдовна испостава, датум на испраќање, број на товарен лист CIM, број на вагон, назив на стока, вкупна бруто маса и одредишна испостава.

## XXIV. Транспорт на извезена стока - редовна постапка

66. Во случај на извоз на стока со железница, појдовната испостава која е надлежна за местото на кое стоката е преземена под единствен договор за транспорт на стока од страна на железнички превозник има улога и на царинска испостава на излез. Надлежниот царински службеник од оваа испостава треба да провери дали стоката опфатена во товарниот лист CIM е истата стока која е декларирана за извоз, дали товарниот лист CIM е заверен од страна на железничкиот превозник (датум и место на преземање на стоката во рубрика 16 од товарниот лист, налепница од Прилог Б11 од Додаток III кон

КЗТ и Прилог 42 на УСЦЗ и број на товарен лист во рубика 62 од товарниот лист CIM).

67. За стоката која се извезува појдовната испостава го заверува листот 3 од ЕЦД (референтен број на излез, датум и царински печат) и му го враќа на декларантот откако ќе ја стави забелешката „ИЗВОЗ" на листот број 1 од товарниот лист CIM и ќе ја завери рубрика 99 од листот 5 од товарниот лист CIM (број на извозна декларација и царински печат). Царинската испостава на излез го контролира физичкото излегување на стоката.

68. Доколку по извозната постапка не следи транзитна постапка односно товарниот лист CIM се користи само како транспортен документ, а стоката пристигне на граничната испостава на излез со листот бр.3 од ЕЦД се спроеведуваат формалностите за евидентирање на излез предвидени во Упатството за извоз.

## XXV. Поедноставена постапка<br>- овластен испраќач и локално царинење при извоз

69. Овластен испраќач кој ја предава стоката за превоз со железница во рубриката 99 од товарниот лист CIM го става печатот од Прилог 26 на УСЦЗ кој ги содржи податоците за царинскиот орган, бројот на документот, датум, овластен испраќач и одобрение.

Овластениот испраќач е должен да ја провери исполнетоста на условите за одобрување на поедноставена постапка наведени во точка 13 на ова упатство.

Првиот нареден работен ден овластениот испраќач е должен на надлежната појдовна испостава да и достави копија од листот број 1 од товарниот лист CIM.

70. Во случај на локално царинење при извоз, службеникот од железничкиот превозник кај појдовната испостава го поднесува товарниот лист CIM (листови 1, 2 и 3) и листот 3 од ЕЦД. Извозот на стока од локално царинење при извоз продолжува согласно Упатството за поедноставени постапки.

За потврдување на завршувањето на извозната постапка овластен извозник соодветно се применува постапката опишана во точката 67 од ова упатство.

## XXVI. Поедноставена постапка
## - овластен примач и локално царинење при увоз

71. Железничкиот превозник ја испорачува пратката (вагонот) и листовите 2 и 3 од товарниот лист CIM директно до имателот на одобрение кој не е железнички превозник, на локација утврдена во одобрението за овластен примач. Оттука, во рубриката 4 од товарниот лист CIM треба се назначи вистинскиот примач на пратката (имател на одобрение), а рубриката 7 мора да го содржи бројот на одобрението за поедноставена постапка (овластен примач).

Пример за пополнета рубрика 7 од товарниот лист CIM:
S40/9000/350/2015
ОВЛАСТЕН ПРИМАЧ

72. Имателот на одобрение кој прима стока превезувана со железница веднаш на железничкиот превозник му го потврдува приемот на стоката со внесување на бројот на одобрението за поедноставена постапка и број и датумот на евидентирање во рубриката 99 од листовите 1, 2 и 3 од товарниот лист CIM. Имателот на одобрението, најдоцна наредниот работен ден, мора согласно одобрението, на надзорниот царински орган да го достави оригиналот од листот број 3 од товарниот лист CIM со внесените податоци (број на одобрението/број и датум на евидентирање во сопствена евиденција).

Пример за пополнета рубрика 99 од товарниот лист CIM:
S40/9000/350/2015

Понатамошните постапки се спроведуваат согласно Упатството за поедноставени постапки.

## XXVII. Употреба на поедноставена постапка
## за превоз на стока во големи контејнери

73. Поедноставената постапка за големи контејнери може да се употребува од страна на железничките превозници доколку на главниот обврзник му е одобрено користење на поедноставена транзитна постапка за превоз на стока со железница.

74. Поедноставената транзитна постапка за големи контејнери се заснова на примената на поедноставена транзитна постапка за превоз на стока со железница и употреба на предавни листови TR. Предавниот лист TR служи не само како договор склучен помеѓу транспортното друштво за комбиниран

транспорт и неговиот клиент, туку и како транзитна декларација согласно членовите 80-82 од Додаток I од КЗТ и членовите 290-292 од УСЦЗ. Железничкиот превозник кој реално ја превезува стоката постапува како главен обврзник за транзитната операција во согласност со член 84 од Додаток I од КЗТ и член 294 од УСЦЗ. Покрај предавниот лист ТР, железничките превозници мора да употребуваат товарен лист CIM само како транспортен документ за реалниот превоз на стока по железница.

75. Условите за примена на поедноставената железничка постапка соодветно се применуваат за превоз на големи контејнери со товарен лист CIM.

Постапувањето на царинските органи во рамките на транспортот со големи контејнери е исто како при транспортот на стока со товарен лист CIM и се изведува согласно ова упатство.

76. Постапувањето и контролата на стоката превезувана во транзитна постапка со големи контејнери е можно само на железничката станица Скопје Товарна - контејнерски терминал.

77. Употребата на поедноставена постапка на превоз на стока во големи контејнери со употреба на предавни листови ТР во моментов не е можна затоа што единствениот овластен превозник INTERCONTAINER/INTERFRIGO од Базел, Швајцарија, нема важечко одобрение за користење на оваа постапка.

## XXVIII. Завршни одредби

78. Ова упатство го применуваат царинските службеници од појдовните и одредишните испостави, како и од Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности.

79. Надлежни за предлагање на измена и дополнување на ова упатство се вработените во Секторот за царински систем.

80. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси, е должен веднаш по неговото потпишување, ова упатство да го направи достапно до сите вработени и во рок од 30 дена да одржи обука на определени лица од надлежните организациони единици.

81. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

82. Секое постапување спротивно на одредбите на ова упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

83. Секторот за царински систем е должен да го објави ова упатство на интранет страната на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

84. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за транзитна постапка во железничкиот транспорт број 10-14432/2 од 05.09.2007 година.

85. Ова упатство стапува на сила со денот на неговото потпишување.

Директор
Наташа Радеска Крстевска

Бр. 01-049619/15-0001
Скопје, 01.07.2015 година

Прилози: Прилог 1 - Дополнително располагање;
Прилог 2 - Известување за ре-експедиција;
Прилог 3 - Извештај за превоз на стока со поголем ризик од измама;
Прилог 4 - Извештај за измени на договорите за превоз.

Изработиле: Димче Аџиоски
Јовица Кипријановски
Одобрил: Офелија Бајо
Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |

# Прилог 1-Дополнително располагање-Nachträgliche Verfügung

**CIT 7**

Испраќач (име, адреса) - Absender (Name, Adresse)

Идентификација на пратката - Sendungs-Identifikation

Држава-Land | Станица - Bahnhof

Товарен лист CIM
Frachtbrief CIM

Вагонски лист CUV
Wagenbrief CUV

Компанија - Unternehmen | Бр.на испорака - Versand Nr.

Примач (име, адреса, држава) - Empfänger (Name, Adresse, Land)

Преземање, место, датум - Übernahme, Ort, Datum

месец-ден-час
Monat-Tag-Stunde

Место на испорака - Ablieferungso

Испраќач -Bahnhof | Држава-Land

Бр.на вагон/Бр. ITE -Wagen Nr./Nr. der UTI

Поштенска адреса на превозникот - Postadresse des Beförder

Адреса на превозникот, одговорен за извршување на дополнителното ра
Anschrift des mit der Ausführung der Verfügung beauftragten Beförderers

Упатство - Verfügung

- Потребните промени да се означат во соодветното поле
  Приложена копија од товарен лист
- Verlangte Änderung mit einem im entsprechenden Feld angeben
  Frachtbriefdoppel beilegen

Ве молиме, одредбите да ги спроведувате во согласно со член19 § 3 до 5 CIM
Wir bitten Sie, vorliegende nachträgliche Verfügung gemäss den in Artikel 19 § 3 bis 5 CIM

- Издадено е одобрение од појдовниот царински орган
  Genehmigung durch Abgangszollstelle erteilt
- Не е потребно да се информира појдовниот царински орган
  Unterrichtung der Abgangszollstelle nicht erforderlich

Забелешки - Bemerkungen:

| Шифра - Code | Промени- Änderung |
|---|---|
| 1 | Запирање на испораката и чекање на понатамошни инструкции<br>Anhalten unterwegs in Erwartung weiterer Verfügungen |
| 2 | Одложување на испораката и очекување на понатамошни инструкции<br>Aussetzen der Ablieferung in Erwartung weiterer Verfügungen |
| 3 | Испорака на место... (име, адреса, е-адреса, или телефонски број или број на факс)<br>Ablieferung am Bestimmungsort an ... (Name, Adresse, E-Mail-Adresse, oder Telefon- oder Telefaxnummer) |
| 4 | Испорака по ... (место на испорака) за ... (име, адреса, држава, е-адреса или број на телефон или број на факс) преку ... (превозен пат)<br>Ablieferung nach ... (Ablieferungsort) an ... (Name, Adresse, Land, E-Mail-Adresse, oder Telefon- oder Telefaxnummer) via ... (Leitungsweg) |
| 5 | Усогласеност со царинските и другите административни формалности<br>Erfüllung der Zoll und anderen verwaltungsbehördlichen Vorschriften<br>- во мое присуство - in meiner Anwesenheit<br>- во присуство на мојот претпоставен - in Anwesenheit meines Beauftragen<br>- лично - durch mich selbst<br>- од мојот претпоставен[2] - durch meinen Beauftragten[2]<br>- со плаќање на царина и други трошоци[3] - mit Zahlung des Zolls und anderer Kosten[3] |
| 6 | Други промени<br>Andere Änderung |

Дополнителни податоци во врска со шифрите 3 - 6 Ergänzende Angaben zu Codes 3 - 6

Место, датум
Ort, Datum

Потпис на испраќачот/примачот
Unterschrift des Absenders/Empfängers

Место, датум
Ort, Datum

Потпис на превозникот
Unterschrift des Beförderers

[1] За оваа одредба е овластен само примачот - Nur der Empfänger ist ermächtigt solche Verfügungen zu erteilen

[2] Оваа забрана важи само ако примачот е овластен за тоа во согласност со членот 15 § 4b) CIM - Diese Verfügung kann nur erteilt werden, wenn der Empfänger gemäss Artikel 15 § 4b) CIM

[3] Оваа забрана важи само ако примачот е овластен во согласност со членот 15 § 4b) CIM - Diese Verfügung kann nur erteilt werden, wenn der Empfänger gemäss Artikel 15 § 4c) CIM dazu ermächtig ist.

© 2013 CIT

Прилог 2

До
Сектор за царински систем,
Одделение за гранични и транзитни формалности

Предмет: Известување за ре-експедиција

Локација: _______________

| | | Товарен лист – пристигнување | | | Товарен лист – испраќање | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Број на вагон | Шифра на превозник | Станица на поаѓање | Шифра на испраќање | Шифра на превозник | Станица на поаѓање | Шифра на испраќање |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Вкупен број на вагони: ___

Одговорно лице

___________ (име и презиме) ___________

___________ (потпис) ___________

Прилог: Товарни листови

Прилог 3

До
Сектор за царински систем,
Одделение за гранични и транзитни формалности

Предмет: Извештај за превоз на стока со поголем ризик од измама

Почитувани,

Ве известуваме дека во периодот од ________ до _________ година, Македонски железници АД Транспорт изврши превоз на следната стока со поголем ризик од измама:

| Ред. бр. | Датум | Вид на стока | Тежина (кгр.) | Број на вагон (контејнер) | Број на CIM (TP) | Појдовна испостава | Одредишна испостава |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Одговорно лице

(име и презиме)
_____________________

(потпис)
_____________________

Прилог 4

До
Сектор за царински систем,
Одделение за гранични и транзитни формалности

Предмет: Извештај за измени на договорите за превоз

Почитувани,

Ве известуваме дека во периодот од ________ до _________ година, Македонски железници АД Транспорт ги спроведе следниве измени на договорите за превоз:

а) Пратки кои биле извозно оцаринети во Република Македонија, а не го напуштиле царинското подрачје

| Ред. бр. | Појдовна испостава | Датум на отпрема | Број на товарниот лист CIM | Број на вагон | Назив на стоката | Бруто маса на стоката | Одредишна испостава |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

б) Пратки за кои транзитната постапка започнала во Република Македонија, а не го напуштиле царинското подрачје

| Ред. бр. | Појдовна испостава | Датум на отпрема | Број на товарниот лист CIM | Број на вагон | Назив на стоката | Бруто маса на стоката | Одредишна испостава |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

в) Пратки за кои транзитната постапка започнала и требало да заврши надвор од Република Македонија, а завршила во Република Македонија

| Ред. бр. | Појдовна испостава | Датум на отпрема | Број на товарниот лист CIM | Број на вагон | Назив на стоката | Бруто маса на стоката | Одредишна испостава |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Одговорно лице

(име и презиме)

(потпис)